# 7. ВЕРСКАТА ОМРАЗА И СЕКУЛАРИЗМОТ КАКО ОДГОВОР

## М-Р АЛЕКСАНДАР МАРКОСКИ, *Јавен обвинител во Основно јавно обвинителство во Скопје* ***„Тие кои велат дека религијата нема ништо со политиката, не знаат што е религијата“***

*Махатма Ганди*[1]

*„Бидејќи еден од нивните најдревни закони е човек да не може да биде навредуван поради неговата религија...Утопистите донеле закон дека секој човек може да се исповеда на каква сака религија и дека може да се обиде да ги привлече другите во неа со силата на аргументите и на мирољубиви и скромни начини, но без употреба на сила или да ги исмева туѓите мислења. Но и дека не треба да употреби никаква друга сила освен онаа на убедувањето, и да не го меша со прекор или насилство... “*

*Томас Мор „Утопија“*

### Вовед

Наназад низ историјата абрахамските религии[2] постоеле една до друга, меѓу себе се толерирале, но останале соперници и ривали, чија нетрпеливост, често пати, била проследена со омраза, како поради политичките околности, така и поради самата догма. Ретки се примерите на конструктивна соработка како во случајот со средновековното Христијанско Кралство на крал Роџер од Сицилија и примерот на Гранада, како центар на културата во Кордовскиот калифат.

Процесот на настанување на личниот и културниот идентитет се одвива во социјални интеракции. Разликувањето на себеси од другите доаѓа од сопствената самосвест, а не со еднонасочно дејствување на општествените институции и авторитети и културните системи на формирање на личностите. Социјалната/културната антропологија разви три теории за објаснувањето на културните промени и за настанокот на културата воопшто, и тоа;

---

[1] Во времето на Ганди, Индија доживеа граѓанска војна на религиска база и се раздели на Индија и Пакистан со Источен Пакистан (Бангладеш). Доколку тогаш немаше таква поделба денес таа ќе беше најбројната империја.

[2] „Религија“- вера, вероисповед, верување во натприродни битија. Aleksic, R. „Recnik stranih reci i izraza“, Prosveta, Beograd, 1978. Абрахамски религии е интернационализам и ги означува јудаизмот, христијанството и исламот, бидејќи кај сите нив зачетник е пророкот Аврам.

еволуционистичка, дифузионистичка и структуралистичка.[3] Во првите две теории постои процесуално-историско сфаќање на културата и културните појави, додека во третата теорија постои есенцијалистичко-статичко сфаќање. Еволуционизмот влече корени од Дарвиновата теорија за еволуцијата на видовите и нејзина основна претпоставка е дека постои единствено потекло на луѓето и единствен извор и поврзаност на развојот на општествено-културните облици, а додека, пак, менталните принципи функционираат идентично. Оваа теорија е спротивна на релативизмот кој, пак, ги признава специфичностите и различностите во општеството. Еволуционизмот бара општи принципи и единствена линија на историскиот развој на човештвото, но се чини дека во таа униформност на културното живеење, оваа теорија ги занемарува специфичностите и процесот на вклопување на одделното во општото кое е различен процес во различни околности.

Токму антропологијата е науката која се занимава со споредување на различните култури и условите кои довеле до создавање на тие разлики, па со нивната синтеза и генерализација да се дојде до универзалното човечко. Таа наука е поширока од етнографијата која само ја опишува материјалната култура на поодделни народи и таа наука треба да одговори за местото на религијата во нашето општество. За да биде успешна во оваа мисија, антропологијата треба да се служи и со филозофијата, правната наука и социологијата, како и да ги има предвид за проучување, како носечката култура, така и контракултурата и супкултурата во едно општество. Во делот на социологијата, во поново време беше развиена и посебна наука – социологија на религијата која не се занимава со индивидуалното религиско доживување, туку со религиските манифестации кои се споделуваат со групата. Оваа наука своите почетоци ги имаше во учењето на Карл Маркс и Макс Вебер кои преку неа го проучуваа влијанието на религијата врз културниот и општествено-економскиот живот, но најголем развој оваа наука доживеа по Втората светска војна во Соединетите Американски Држави, а, пред сè, преку емпириските истражувања на малите социолошко-религиски единици или христијанските општини.[4]

Еден од облиците на негацијата на културата е примитивизмот. Тој се основа на општествената и културната неразвиеност, на анахронизмот и на ниската или нихилистичка свест на примитивците, која ги отфрла и агресивно ги негира вредностите и достоинството на другите луѓе и нивната култура. Кај нив нема никаква самокритичност за нивната духовна минорност. Напротив, на сцена е нивната наводна супериорност за припадност на-подобра вера, подобра нација итн. По основа на ова, кај нив се раѓаат омразата и нетолеранцијата на поинаквото мислење за сè што ним им е непознато. Тие

---

[3] Sklendar, N., „Zbilja religija –Religija o sebi i o socio-kulturnom kontekstu", Hrvatsko filozofsko drustvo, 1991, str.108-109.

[4] Sklendar, N., „Zbilja religija –Religija o sebi i o socio-kulturnom kontekstu", Hrvatsko filozofsko drustvo, 1991, str.114-115.

мошне често се носители на лажна култура, а, пак, доколку примитивизмот е поткрепен и со религиска догма, тогаш деструктивниот потенцијал се зголемува неколкукратно.

Абрахамските религии се монотеистички. Факт е дека во абрахамските религии има уникатни елементи кои влијаат на верниците за да се ангажираат во примитивизам и религиско насилство. Клучното прашање е...ако монотеизмот е толку деструктивен, тогаш зошто сите монотеисти не се инспирирани од религијата за да извршуваат дела на насилство? Левичарските теоретичари нудат објаснување дека брзото урбанизирање придонесе за распад на претходно воспоставените рурални заедници, а ова предизвика чувство на изолација и алиенација. Ова, пак, придонесе за барање на нови заедници, а некои од нив и екстремистички. Државите не беа секогаш подготвени за големиот бран мигранти од руралните средини, па потенцијалот за мобилизација растеше со фактот дека егзистенцијата на овие луѓе беше неизвесна, а горчината од недостижниот раскош на граѓаните, голема. Со тоа, религијата кај овие луѓе не е свесен избор, туку потсвесен нагон. Но, вистината е дека религијата има влијание врз дејствата. Ова се однесува на оние религии кои нудат пат и излез за насилното поведение.

Епистемологијата на религиите до сега беше премногу тесна, имајќи ја пред очи само секуларната и рационалната појдовна точка. Таа сè уште не заклучи дека постои огромна разлика меѓу секуларните и религиските социјални движења во поглед на изворот со кој се оправдува насилството. Овие вторите, односно религиските социјални движења, нивното насилство го оправдуваат не со дејствувањето во името на Бога, туку со неговото изречно барање и повик на насилство преку светите текстови. Во реалноста оваа крупна разлика доведува до тешки и фатални последици, како што беше неодамнешниот пример со терористичкиот акт во кафуле во Австралија, кога осамениот терорист беше погрешно проценет од страна на обучените полицајци за преговарање, па давајќи му простор од цело деноноќие за јалови обиди да го разубедат, не ја увидоа неговата желба за прифаќање на смртта и предизвикување на колку што е можно повеќе штета врз цивилите, кое нешто, во согласност со религијата, би го направило шехид (маченик). Со херметизирањето и повлекувањето на овие организации во подземјето, членството станува уште позаблудено и пофанатично, а моралните дилеми избледуваат. Дополнително, хиерархијата придонесува кон истиот епилог. Од друга страна, пак, и ќелиските структури со лабави хиерархиски врски се ефектни, од причина што истите се состојат од мал број посветени активисти. Дисонанцијата која се развива кај еден екстремист е меѓу дискурсот за сакралното и дискурсот за профаното. Со оглед дека е природно тежнеењето овој дискурс да се намали, екстремистот тоа го прави преку насилен начин, а во исто време нивната идеологија ја дехуманизира жртвата и таквите

еуфемистички гестови не ги дефинира како криминал, туку ги оправдува.[5]

Проучувачите на социјалните движења кои предизвикуваат насилство, ставаат фокус на мотивите кај поединците на тие социјални движења, но ако станува збор за религиско движење, тогаш често пати ја превидуваат религиската основа или верскиот систем кој влијаел на мотивите и дразбите на поединците. Религијата тие ја гледаат како алатка за регрутирање, а, пак, мотивите, исклучително ги сведуваат на економски или политички мотиви. Проучувачите, пак, на религиите ја објаснуваат теологијата која го мотивира насилството и првенствено ги употребуваат светите текстови за да го предвидат однесувањето на верниците, но не можат да го објаснат развојот, тајмингот и успехот на религиските движења во политичката арена. Политиколозите, пак, заслепени од секуларизмот, често пати имаат недоумица од присуството на религијата и ја објаснуваат како феномен кој зависи од моменталните општествени услови. Разбирањето меѓу овие две концепции е минимално. Плод на политиколозите е и теоријата на економското осиромашување која вели дека постојат повеќе изгледи за индивидуите да прифатат екстремизам кога ќе се соочат со економски тешкотии и општествени потреси.



Религијата нуди ригидни правила и убедувачко оправдување на тешкиот живот, а екстремизмот им нуди ресурси, вмрежување и мета, со што се дава смисла на тешкиот живот.[6] Оттаму во време на економска криза се очекува повеќе насилство, но тоа не беше случајот со Египет во 60-тите години на минатиот век кога истиот имаше значаен економски развој, а, сепак, тоа беше и период на исклучителна насилничка активност на Муслиманското братство. Исто така, контрадикторноста на оваа теорија се огледува и преку примерот на нападите на туристите од страна на Џамат ал исламија во Египет, бидејќи туристичката гранка носеше големи приходи за државата и придонесуваше за нејзиниот економски развој. Уште повеќе, не е на место и аргументот дека ваквото организирање на осиромашените им дава поголема безбедност и цврстина, бидејќи во судирот со државните органи е невозможно тоа. Сепак, и оние кои ја проучуваат религијата преку теолошките постулати, често ги пренебрегнуваат надворешните објективни фактори кои можеби не се примарни, но, сепак, се несомнени. На крајот од краиштата, религијата не може да се сфати грубо, исклучително, како систем за поделби меѓу луѓето и разгорување на конфликтите, бидејќи низ историјата има примери и на мирна коегзистенција, па дури и клучен фактор за прогрес, како што беше наведено погоре.

Крајниот проблем не е во тоа што претстои иманентна опасност од воспоставување на теократии во светот, во кој само една држава се дефинира

[5] Jefferis, L., J., „Religion and political violence – Sacred protest in the modern world", Routledge, New York, 2010, стр.119.

[6] На ваков начин се објаснува и поведението на религиски мотивираните припадници на антиабортус движењето во Соединетите Американски Држави кои се одлучија да го прифатат тероризмот како начин. Истото резонирање го употребуваат и за објаснување на исламското политичко насилство.

целосно како таква (Република Иран), а две други држави се такви во делумна смисла (Судан и Кралството Саудиска Арабија), туку опасноста лежи во постепените упади и нагризувања на правните поредоци од страна на влијанието на религијата во модерните демократии, а некогаш, поради немоќта тоа да биде сторено, од страна на религиските екстремисти се користи омразата како генератор на нови насилства и терористички методи.

## *Верата и анахронизмот*

неминовен е филозофскиот пристап при анализата на анахронизмот во религијата. Верата и религијата[7] како структура, како еден од човековите односи спрема светот и начинот на егзистенција е еден од можните одговори на битните прашања за Исконот, смислата и Есхатонот[8], односно како практично вредносна ориентација во животот. Сообразно и на другите облици на човечкиот дух, уметноста, филозофијата, религијата е интегрален дел од културата во потесна и поширока смисла на зборот, поточно како оплеменување и хуманизирање на човекот и неговиот свет. Како таква, значи религијата е, дејствувачка состојка на секој социокултурен состав, со различни вредносни предзнаци и интензитет, но притоа и самата тежнее кон промени од влијанијата од другите облици на духовност. Имено, теологијата себеси се сфаќа како наука за специфичен предмет и со метод на истражување. Таа држи став дека владее со апстрактната моќ што на некој начин ја издигнува над останатите науки, а особено над науката за религиите и филозофијата на религиите, бидејќи теологијата води кон трансцендентално случување. Според тоа, догматската теологија како состав од одредени идеи почива на основа која не е рационална, на верување и на догми кои не се доведуваат во сомнеж, ниту можат да бидат укинати. Ставот на теологијата е дека таа не е наменета за уверување и преобратување на неверниците, како и дека рационалното докажување на божјата егзистенција не е пресудно за егзистенцијата на верата. Во тие цели, теологијата неминовно се служи со филозофските категории и изведувања, со што, сепак, истата се приближува до филозофијата на религијата или теистичката филозофија. Од друга страна, пак, и филозофијата се интересира за религијата, а, пред сè, за поимањето на Бога и неговото отворено, критичко и умствено испитување, но делот за религиската практика и обичаи го остава на страна.

И доколку од теолошки аспект биде утврдена вистината за религијата, тоа ќе биде направено на апстрактен, ирационален и интуитивен начин без прифаќање на теориско докажување, туку метафизичката претпоставка се прифаќа како доказ и како последен аргумент. Освен општествени, религијата има и свои душевни, морални и спознајни извори, кои, пак, секогаш се историско-општествено импрегнирани и носат печат на своето

---

7 Произлегува од латински збор-religio, onis f., а означува врзаност на човека со натприродно битие.

8 Во христијанската теологија термин кој се идентификува со рајот.

време. Религијата освен што е општествен фактор, таа е и психички, морален и спознаен фактор.[9]

Религиското верување добива значење дури во литургискиот контекст. Штом луѓето ќе бидат лишени од овој тип духовна активност, тие ќе ја изгубат својата вера. Освен што имаат цел да го зацврстат чувството на групниот идентитет, религиските обреди, како карактеристични интерпретации на религиските вистини на одредена група, даваат и можност на учесниците да можат на одобрен начин да го изразат своето религиско чувство и така да постигнат емоционална катарза и да го зацврстат верувањето во трансцендентното. Впрочем, веќе е научно докажано дека центарот за суеверието, тој клуч за талкање по влажните одаи на религискиот ан, е анатомски позициониран на темето од кората на мозокот кај човекот.

Мирољубивите верници и екстремисти размислуваат на поинаков начин. Религиските екстремисти сметаат дека верата е сама на себе цел. Тие не се борат да го уништат злото, да ги пронајдат новите попрактични решенија, ниту, пак, за научните вистини кои го олеснуваат животот, а кои често пати и ги негираат доколку бидат разоткриени.[10] Тие, единствено, сакаат да ја воведат нивната „ера". За некои тоа може да претставува теократијата, за други, пак, апокалипсата која ќе кулминира со духовна трансформација на светот во која тие ќе преживеат и со која ќе бидат наградени. Значи, за мирољубивите верници, целта е духовното просветлување и вистината за целото општество.[11]

Постојат и други, не толку промислени и деструктивни последици од форсирањето на религиозноста. Во Православието, таа најсигурна христијанска догма, ставовите се неизменети и не само што не се губат низ времето, туку како резултат на паѓањето на комунизмот како идеологија, оваа религија доби нов елан. Византизмот се појави меѓу Словените како огромна сила, првенствено, бидејќи го поддржуваше власта, потем, тој сам по себе беше организирана сила и најпосле, тој со себе ги носеше и науката, црковното и граѓанското право и просветителството.[12] Догмата се состои во тоа дека црковноста влегува во животот, го опфаќа целиот начин на живот и станува нераскинлив дел од народниот карактер. За православните народи, народноста е недвоива од црковноста, така што, на пример, зборот – православен- и Русин стануваат синоними. Во дневно-политичка смисла, ваквиот став одговара на националната агенда на Македонците, бидејќи

---

[9] Sklendar, N., „Zbilja religija –Religija o sebi i o socio-kulturnom kontekstu", Hrvatsko filozofsko drustvo, 1991, str.9.

[10] На пример, таков би бил сегашниот случај со саудискиот свештеник, Шеик Бандар ал-Хаибари кој тврди дека Земјата не ротира околу Сонцето. Извор: www.jihadwatch.org, 18.02.2015

[11] Radojević, K.:„Religija i terorizam", Originalan naučni rad, Fakultet bezbednosti, Univerzitet u Beogradu, Vol. VIII, N° 14, Jul – Decembar, 2010.

[12] Флоренски, П. „Православие", Логос Бримо, Београд, 2007, стр.14-15.

така Македонската православна црква е егзистенцијално сврзана со исполнувањето на националната кауза за да се избори за основното човеково право – признавањето на националниот идентитет. Од друга страна, пак, ваквиот амалгамски концепт на државата и Црквата во нашиот „микрокосмос", ги одвраќа Македонците со различна конфесија од нивната народност, а првенствено ова се однесува на Македонците муслимани.

## *Секуларизмот, значење и појави*

Логосот е практичен. Тој го означува појмовното, анализирачко мислење. За разлика од митот или фантастичното восприемање на светот и уверување кое се служи со симболи и слики и кое се враќа на почетоците и кон основите, логосот создава и се обидува да најде нешто ново. Во предмодерниот свет, и митосот и логосот се сметале за неопходни. Секој од нив бил осиромашен без другиот. Сепак, тие биле суштински различни, па се сметало дека е опасно да се помешаат митскиот и рационалниот дискурс. Во XVIII век, пак, луѓето од Европа и Америка постигнале таков неверојатен успех во науката и во технологијата што почнале да мислат дека логосот е единствениот пат кон вистината, а митосот да го сметаат за лажен и празноверен. Притоа новиот свет што го создавале противречел на динамиката на старата митска духовност.

Религиозното искуство во модерниот свет се промени, па поради тоа што сè поголем број луѓе научниот рационализам го сметаат за единствено вистинит, тие често се обидуваат митосот на својата вера да го претворат во логос. И фундаменталистите направиле ваков обид. Многу пред секуларизмот, атеизмот и религиската рамнодушност да станат вообичаени за остатокот на Европа, се наоѓаат примери на ова, во суштина модерно однесување, кај маранските Евреи на Иберискиот Полуостров".[13]

Историски гледано, европскиот вовед во секуларното официјално искуство претставува Законот за раздвојување на црквата од државата на Република Франција од 1905 година. Црквата таму нема приватна сопственост, туку недвижностите припаѓаат или на државата или на општините. Државата на црквите не им дава субвенции, туку даночни олеснувања, веронауката е забранета и не се води верска статистика за верска припадност во училиштата.

Бидејќи луѓето станувааат порационални, се претпоставуваше дека тие или веќе нема да имаат потреба од религија или ќе се задоволат со тоа да ја ограничат на личните и приватните области на нивните животи. Но, во доцните 70-ти години на минатиот век, фундаменталистите започнале да се бунтуваат против оваа секуларистичка хегемонија и почнале да ја извлекуваат религијата од нејзината маргинална позиција и да ја враќаат во центарот. Барем во ова, тие доживеале извонреден успех. Религијата уште еднаш станала сила којашто ниту една влада не може да ја занемари без да претрпи последици.

[13] Армстронг, К., „Битката за Бога", Евро Балкан Пресс, 2008, стр.22.

Неофицијализирано и без етаблирање, хумусот во почвата за растење на плодот на секуларизмот прв го дава филозофот Барух Спиноза, по потекло Евреин. Тој забележал дека постојат противречности во библискиот текст, што докажува дека тој е од човечко, а не од божествено потекло. Ја оспорувал можноста на откровението, тврдел дека Бог, едноставно, е тоталитет на самата природа. Конечно, на 27 јули 1656 година, рабините на Спиноза му ја изрекле казната на екскомуникација.[14] Но, Спиноза не бил популист. Како и повеќето предмодерни филозофи, така и тој бил елитист кој верувал дека масите се неспособни за рационална мисла. Ним ќе им биде потребен некој облик на религија кој ќе им даде трошка просветлување, но таа религија мора да биде реформирана, базирана не на т.н. објавен закон, туку на природните принципи на правда, братство и слобода. Од денешен аспект на гледање, во овој контекст се докажа дека посиромашните општества со поголема веројатност за еколошка катастрофа имаат поморализирачки богови.[15]

Како најголем агитатор на секуларноста, пак, беше Холбах со неговото славно дело „Разголено христијанство". За него христијанскиот клер не треба да е дел од власта, бидејќи имаат лажен морал и проповедаат религија која е регресивна за општествените рамки и потреби; притоа, за Господ наведува дека во Библијата е опишан како суров и `рѓав.[16] Секако, да не се заборави и првиот гласно деклариран бард на секуларноста – Волтер, со неговото ремек-дело: „Расправа за толеранцијата", во кое наведува: „Догмите, тие бесрамнички се спротивни на здравиот разум. Нивното учење е противречно и нелогично, го поттикнува суеверието, а суеверниот е свој сопствен крвник, а крвник е и на секој оној кој не мисли како него. Најпосле, суеверниот станува фанатик и тогаш неговата горчина е способна за сторување секаков злостор. Суеверието

[14] Армстронг, К., „Битката за Бога", Евро Балкан Пресс, 2008, стр.33.

[15] Истражување на Карлос, А. Ботеро низ 583 општества низ светот со помош на компјутерски софтвер, Извор: http://nymag.com/scienceofus/2014/11/harsh-environments-lead-to-angry-gods.html, 12.11.2014.

[16] „Вие чувствувате дека религијата заснована на крволочен бог може да биде само религија на крвта... законот, а не религијата го зауздува народот, па и кога на некој лудак некој би му рекол да краде или убива, нему бесилката би го опоменала да не го стори тоа по ниедна цена...Единствениот морал на кој се учат христијаните, тоа е оној занесен, непрактичен, неизвесен морал кој е содржан во Евангелието. Тој е подобен единствено да го срози духот, да ја замрзне дарбата, да создаде одвратни робови, да ја скрши силата на душата или, пак, доколку е посеан во темпераментни карактери, да создаде занесени фанатици, способни да ги затресат темелите на државата...Изгледа дека религијата единствено смислува како подеднакво да ги направи владетелот и народите – робови на свештенството...Доколку би биле доследни на своите начела, сите христијански народи би требало да бидат нурнати во најдлабокото мртвило... Навистина, со што би можеле да се занимаваат добрите луѓе во еден свет кој религијата би го означила како минливо престојувалиште...како може да се очекува човечност, правдина и доблесност од масата на фанатици на кои како пример им се предочува еден свиреп, `рѓав бог на кој му е комотно да види како плачат несреќните битија, кој им поставува стапици, кој ги казнува како би му биле покорни, кој наредува грабеж, злосторство и кланица?..Разумот е доволен да не поучи за нашите должности спрема битијата од нашиот вид...Ќе ни се каже дека религијата без сомневање не противречи на моралот, туку му служи како потпирач и ги посветува обврските што произлегуваат од него, давајќи и потврда на божественоста. Јас одговарам дека христијанската религија наместо да го крепи моралот, го чини колеблив и неизвесен". Holbah, P., „Razgoliceno hristijanstvo ili ispitivanje nacela I posledica hriscanske religije", Rad, Beograd, 1963.

кое од Бога создава тиранин, прави и луѓето да станат тирани...Добро знаеме колку не чинеше расправата на христијаните[17] за догмите; течеше крвта, на гибелините и во битките – од VI век до нашите денови (XVIII век)".[18]

На крајот, од мислителите – секуларисти, но и познат агностик е и Сигмунд Фројд со неговото последно животно дело, напишано како бегалец пред разулавениот нацизам во неговата родна Австрија, „Мојсеј и монотеизмот".

Секуларизмот како одговор на верската омраза е само еден од дискурсите кои се во прилог на истиот, настрана и од неговата докажаност како природен додаток на демократијата, а згора на тоа, и на прагматичноста во секојдневното живеење. Треба да се има на ум, дека науката не може да биде адекватно средство за критика на религијата, бидејќи таа е рационален облик на духот со нужно емпириски предмет. Како таква, таа не влегува во трансцендентното, метафизичкото и надрационалното подрачје на религијата, па во основа не може да ја собори, ниту, пак, да ја потврди.

Но, неминовно, мора да се започне со анализа на религиите за да се поентира за сметка на секуларноста. Религиите во себе инкорпорираат системи од морални начела, но во случајот со абрахамските религии, тие поседуваат и целосно изградени правни системи. Во исламот тој систем се нарекува шеријатско право. За шеријатското право се тврди дека, за сите луѓе без оглед дали се верници или се неверници, ги гарантира следните човекови права: Правото на живот, Забраната за неправедно пролевање крв, Почитувањето на правото на имотот, Правото на честа, Правото на разумот, Правото на работен однос, Правото на живеалиште и превоз, Правото на образование, Правото на слободоумност, Правото на општествена слобода, Правото на сопственост и др.[19] Дополнително се назначува дека ова не се закони кои се поставени од човекот и дека не може да се менуваат. Но, што станува со природните права на човекот за кои во останатиот свет, каде шеријатското право не е извор на правото, се правило и двигател на општеството, како: Правото на еднаквост (еднаквост пред законот, слобода од дискриминација), Правото на слобода (слобода на верувањето, здружувањето, изразувањето и движењето), Правото на фер судење, кое подразбира и заштита на луѓето од произволни и престроги казни, фер и јавно судење и Правото на благосостојба, кое подразбира и обезбедување на образование на граѓаните без оглед на полот и заштита од глад и сиромаштија? По однос на правото на еднаквост пред законот, познат е фактот дека со Куранот, а и со хадисите, за немуслиманите е пропишано да плаќаат дополнителен данок наречен – џизија (џеза), со оправдување: „Како

[17] Како најкрвава војна со религиски повод меѓу европските христијани е 30-годишната војна во доцниот среден век меѓу католиците и протестантите, поради појавата на реформацијата, а Волтер бил роден непосредно по нејзиното завршување.

[18] Voltaire, „Rasprava o toleranciji", Skolske novine, Zagreb, 1990.

[19] Ел- Ајид, С., Х., „Правата на немуслиманите во земјите со исламски уставен поредок", Логос-А, Скопје, 2006, стр.67 и 91.

би се изедначила важноста на нивната крв со нашата, а и нивниот имот со нашиот“[20], што би значело, како би можеле муслиманските владетели да им овозможат на немуслиманите две основни права: Да не ги вознемируваат и Да ги штитат. Ова нешто, во современиот речник би се нарекувало „рекет“ или кривично дело – Изнуда.

Исто така, позната е половата нерамноправност во муслиманските општества од аспект на слободата на движење, овозможување на образование и еднакви можности за економски просперитет. Во тие општества мажите секогаш имаат предност пред жените, бидејќи и според шеријатот, мажот има поголемо наследно право, а, пак, од аспект на семејното право, покрај бројните олеснувања за мажот, како, на пример, разводот на бракот, кое нешто е упростена постапка за него, полигамијата е, исто така, само негова привилегија .

Во шеријатот како деликт е предвидено поведението со кое се спречува ширењето на исламот нешто кое е спротивно на правото на слобода на вероисповедта и правото на слобода на говор, на пример: „И борете се против нив сè додека не исчезне нивното сплеткарење и сè додека слободно не се исповеда верата Алахова, а ако престанат, па не ги напаѓајте, освен насилниците“. Постои и хадис според кој Мухамед рекол: „Ќе ги протерам сите Евреи и христијани од Арапскиот Полуостров сè додека во него не останат само муслимани“. [21] Па, така, денеска во Саудиска Арабија не е дозволено изградба на каков било религиозен храм, а истиот да не е исламски. Истово е забрането со верската дицезија на Собранието на исламските муфтии на кралството од 3 јули 2000 година. Овој став бил поддржан од Светската исламска конференција со која претседавал деканот на Универзитетот Ал-Азхар на 10.10.2000 година.[22]

## *Фундаментализмот и екстремизмот*

Во коренот на зборот „фундаментализам“ е – фундамент, нешто кое значи „основа“. Првпат е употребен од американски протестанти во раниот XX век за да се разликуваат од полибералните протестанти. Буквален превод на зборот – фундаментализам- на арапски јазик би бил „усилија“, збор што се однесува на изучувањето на изворите на различните правила и принципи на исламското право.[23]

---

[20] Ел- Ајид, С., Х., „Правата на немуслиманите во земјите со исламски уставен поредок“, Логос-А, Скопје, 2006, стр.69.

[21] Омер ибнил Хаттаб, Извор: Ел – Ајид, С.Х., „Правата на немуслиманите во земјите со исламски уставен поредок“, Логос-А, Скопје, 2006, стр.96.

[22] Ел- Ајид, С., Х., „Правата на немуслиманите во земјите со исламски уставен поредок“, Логос-А, Скопје, 2006, стр.101.

[23] Армстронг, К., „Битката за Бога“, Евро Балкан Пресс, 2008, Вовед. Авторката се сложува со употребата на овој термин во неговото современо значење.

Насилството предизвикано од омраза е најголем непријател на демократијата. Пресметката својствена за демократиите, дека заложбата за ненасилство го чини секого побезбеден, е подзасилена и со фактот дека многу од граѓаните и политичарите, иако не секогаш мнозинството, немаат насилен поглед на светот. Граѓаните во демократиите прикажуваат згрозување кон суровоста, а, од друга страна – почит спрема другиот/различниот. Токму од овие причини, политичарите во демократиите некогаш се под притисок на јавноста да носат одлуки со кои се испраќаат трупи во мировни мисии во далечни краишта од земјата, каде непознати луѓе се изложени на суровост и насилство. Доколку демократиите би молчеле и би биле индиферентни, тогаш би биле обвинети за двојни стандарди. Ваквата реакција се толкува и како „демократизирање на насилството".[24]

Од оваа репулзија на граѓаните кон насилството и стравот дека ќе ги изгубат слободите, придобивка е дека војните меѓу демократиите се ретки, а, исто така, за последица е и дека конфликтите на демократиите со антидемократските опоненти завршуваат во полза на демократиите. Демократиите во борбата за сузбивањето на насилството се користат со прагматизмот и со методи на користење на правосудните и безбедносните институции. Од овие причини во демократиите постои постојана тенденција државата да го монополизира насилството и покрај верувањето дека кај луѓето истото е вродено или природно. Вистината е дека понекогаш во демократиите описот на насилството е преку приказните на хероизмот, и истиот е како благороден дух во полза на општеството, а не како набој на омраза.

Фундаментализмот не е непосреден, рефлексен одговор на модерното секуларно општество, туку се развива дури кога процесот на модернизација е многу напреднат. Фазата се одвива на начин што традиционалистите прифаќаат некои модерни идеи и институции и се обидуваат да докажат дека тие не и се туѓи на традицијата, дека верата е доволно силна да ги апсорбира овие промени. Но, штом општеството стане целосно секуларно и рационално, за некои овие иновации стануваат неприфатливи. Тие започнуваат да формулираат фундаменталистичко решение кое се враќа на првите принципи и планираат противнапад. Муслиманите сѐ уште не ја беа достигнале оваа фаза. Пред еден век муслиманите сѐ уште или се обидувале да ги апсорбираат новите идеи во исламски контекст или прифаќале секуларистичка идеологија. Фундаментализмот нема да се јави во исламскиот свет сѐ додека овие рани стратегии не се покажат несоодветни во очите на некои муслимани. Тие ќе гледаат на секуларизмот како на обид да се уништи исламот, и, навистина, на Блискиот Исток, каде што западната модерност се имплементирала во туѓ контекст, тој често изгледал мошне агресивен.

На Запад, секуларизацијата била доживеана како ослободување. Дури во раните фази, се сметала за нов и подобар начин на религиозност. Секуларизмот

[24] Keane, J., "Violence and democracy", Cambridge University Press, 2004, Introduction.

бил позитивен развој кој, за најголемиот дел, довел до поголема толеранција. Но, на Блискиот Исток, секуларизацијата била доживеана како насилен и принуден напад. Кога подоцна муслиманските фундаменталисти тврделе дека секуларизацијата значела уништување на исламот, тие често посочувале на примерот со Ататурк.[25]

Исламскиот фундаментализам кој прераснува во екстремизам и тероризам, најдобро се проследува во случајот на Египет. Всушност, овој процес на претворање на фундаментализмот во „коктел" на муслимански екстремизам и тероризам, кој денес некои теоретичари го нарекуваат – исламофашизам, започнува во Египет пред 100-тина години со создавањето на движењето на Рашид Рида – салафија, како и со формирањето на Муслиманското братство.[26]

Во март, 1928 година, во Исмаилија, Египет, Хасан ал Бана заедно со уште шестмина локални работници го формирале здружението Муслиманско братство кое денес е најраширената фундаменталистичко-религиозна организација во светот која има огромно влијание врз активните терористички организации како: Ал Каеда, ИСИС и Хамас. Хасан ал Бана немал намера неговото здружение да биде насилничко или радикално, туку, главно, бил заинтересиран за фундаментална реформа на муслиманското општество, кое било поткопано од колонијалното искуство и отсечено од корените. Според него, Египќаните се навикнале да мислат за себе дека се инфериорни во однос на Европејците, но немало потреба од тоа. И тие, според него, имале добра културна традиција која ќе им служи подобро од која и да е увезена идеологија. Тој го промовирал слоганот; „Куранот е нашиот Устав".[27]

Од Муслиманското братство се изродила терористичката организација „Таен апарат", која во 1948 година ја започнала својата терористичка кампања, , започнала со убиство на еден угледен судија и продолжила со насилни рации и бомбардирања на еврејскиот дел од Каиро и кулминирала со убиството на премиерот на Египет - Мухамед ал Нукраши на 28 декември 1948 година.

---

[25] Очекувано, секуларизмот во исламскиот свет се појави во најсилната исламска држава - Турција, која имаше и најцврсти културолошки, историски и деловни врски со Европа. Ататурковата секуларизација на Турција била агресивна. Тој бил решен да го вестернизира исламот и да го сведе на приватна религија, без правно, политичко или економско влијание. Религијата мора да се потчини на државата. Суфиските редови биле укинати; сите медреси и курански училишта биле затворени; западната облека била наметната со закон; на жените им било забрането да носат превез, а на мажите – фес. Последниот обид да се врати во кондиција, исламот во Турција го направил со востанието кое го предводел шехот Саид Сурси, поглаварот на Накшибендискиот суфиски ред, кое Ататурк брзо и ефикасно го разбил за два месеца.

[26] Новинарот Рида, сепак, не бил фундаменталист, тој сè уште се обидувал да го одржи бракот меѓу исламот и модерната западна култура, наместо да создава противдискурс, но неговото дело „Ал Калифа" од 1923 година, во иднина ќе влијае на фундаменталистите. Тој застапувал враќање на калифатот и наместо да ја прифати секуларната опција, тој станал првиот муслиман кој предложил воспоставување целосно модернизирана исламска држава заснована на шеријатот.

[27] Jefferis, L., J., „Religion and political violence – Sacred protest in the modern world", Routledge, New York, 2010, стр.77.

Здружението се оградило од овие убиства, но државата, сепак, започнала да го забранува и прогонува Здружението, а тогаш бил ликвидиран и неговиот основач – Ал Бана.

Еден од следбениците на Ал Бана бил Саид Кут`б, кој може да се нарече - основач на сунитскиот фундаментализам. Тој имал став дека модерната џахилија[28], како во Египет, така и на Западот, била уште полоша од џахилијата од времето на Пророкот, бидејќи таа тогаш не се темелела на „незнаење", туку била принципиелен бунт против Бога. Саид Кут`б го истакнал и значењето на џихадот. Неговата порака била дека може да има толеранција само по политичката победа на исламот и по воспоставувањето на вистинска муслиманска држава. По однос на правниот систем, истиот требало да биде во целосна хармонија со божјото право, бидејќи сѐ кај човекот, и животот и здравјето, му се предодредени од природните законитости кои потекнуваат од божјата шема.[29] Тој во Евреите и христијаните препознавал империјалисти кои ковале заговор да им ги одземат имотите на Арапите во Палестина, а дека истите го довеле на власт и Ататурк со цел да се ослободат од исламот, па од тие причини го поддржувале и претседателот Насер. Кут`б бил уапсен во 1965 година, бил обвинет за противдржавна дејност, осуден на смрт и бил обесен следната година.

Христијанскиот фокус на распнувањето ја претставува божјата волја да посегне по човештвото. Спротивно на тоа, исламскиот фокус на божјата моќ и човечката улога е во желбата на Господ, човекот да го досегне кон него. Ова е значајно од политички аспект, бидејќи во исламот ја нема Исусовата порака „Дајте му го на Цезар, Цезаревото" и државата не се сфаќа како општествен договор со поединците, при што истата е, практично, аморална, туку во исламот целта на постоењето на државата е самиот ислам. Таа постои за да ја промовира верата, а животот да е во согласност со шеријатското право. Државата има легитимитет само ако за луѓето „обезбеди" живот покорен кон верата. Ова беше и визијата на Мухамед по која ја воспостави првата муслиманска држава, но, сепак, по неговата смрт дојде и до промена во концепциите, по однос на тоа дали владетелот треба да се бира според заслугите или според стандардот на крвно наследство, па затоа и настана поделбата меѓу Сунитите и Шиитите. Во муслиманската држава каде владее шеријатот, политичката моќ нема видно влијание во општествениот и религиозниот живот, бидејќи политиката ја прифаќа религијата како целосна замена во функцијата на политичкото владеење. Оттаму е и неиздржаноста на терминот – политички ислам, бидејќи исламот per si е политички настроен да владее.

[28] Западот бил наречен – џахилија, со значење на „земји на неверниците" и тоа биле земји на морална нискост.

[29] Jefferis, L., J., „Religion and political violence – Sacred protest in the modern world", Routledge, New York, 2010, стр.61.

Слични на ставовите на Кут`б биле и оние на организацијата на Џамаат ал Исламија, исламистичките студентски здруженија кои се појавиле во времето на владеење на автократот на Египет, Анвар ел Садат. При нивното појавување биле познати по тоа што, најпрвин, направиле полова сегрегација на универзитетите и го забраниле слушањето на поп-музиката. Џамаат ал Исламија никогаш не го прифатија плурализмот, за разлика, пак, од Муслиманското братство кое го прифати плурализмот. Задницата на овие настани била Иранската револуција. Додека тогашниот претседател на Египет, Анвар ел Садат, во неговиот обид да се приближи кон Западот, гордо зборувал за шахот како за свој пријател, исламските милитанти од Египет ликувале поради иранските револуционери кои го собориле шахот. Иранската револуција од 1978-79 претставувала пресвртница. Победата на Хомеини покажала дека исламот не е осуден на уништување; тој може да им се спротивстави на моќните секуларистички сили и да победи. Но, Иранската револуцијата многумина на Запад ги исполнила со страв и ужас. Изгледало дека варваризмот триумфира над просветеноста. За многумина предадени секуларисти, Хомеини и Иран ќе станат симболи на сè што е лошо и дури зло - во религијата, меѓу другото и поради тоа што револуцијата ја открила омразата што многумина Иранци ја чувствувале за Западот воопшто, а особено за Америка.

На 14 февруари 1989 година, Хомеини ја издал фатвата против британско-индискиот автор Салман Ружди, а поради неговиот роман „Сатански стихови", каде било интерпретирано како богохулење на пророкот Мухамед. Фатвата била заповед за сите муслимани насекаде во светот да ги убијат Салман Ружди и неговите издавачи каде и да се наоѓаат. Сепак, на исламската конференција која се одржала следниот месец, 44 земји од вкупно 55 ја осудиле фатвата како неисламска [30], бидејќи во исламскиот закон не било дозволено престапникот да се осуди без судење, ниту да се примени законот во немуслиманска земја.[31] Нетолеранцијата кон слободата на говорот во исламот влече корен уште од времето на Мухамед.[32]

Но, ако на Блискиот Исток обидите за секуларизација на општеството

[30] Армстронг, К., „Битката за Бога", Евро Балкан Пресс, 2008, стр.517.

[31] Дар-ул ислам" е место кое се наоѓа во муслимански раце и каде тие безбедно, без страв ги извршуваат верските обврски. „Дар-ул Харб" е местото каде управата е во рацете на неверник кој може да биде сфатен и како секуларист. За да би можело второто да се претвори во првото, треба да се почне да се живее по исламското право. Извор: Omer, O., „Kljucevi srva-Islamski ilmihal", Hakikat yayincilik, Istanbul, 2002, str.381.

[32] Позната е одлуката на Мухамед да бидат убиени стариот поет и жената – врачарка, кои биле негови критизери. Во Куранот се наведува: „А заведениот ги следи поетите. Зарем не знаеш дека тие навлегуваат во секој говор и дека го говорат тоа што не го прават...А насилниците сигурно ќе дознаат во каква мака ќе се вовлечат". (Куран 26:224,225,226 и 227); „Ако не престанат лицемерите и тие чиишто срца се болни и тие коишто низ Медина шират лаги, ние власта над нив ќе ти ја препуштиме и тие само кратко време како соседи твои во неа ќе останат – проклети нека се! Каде и да бидат најдени, нека бидат фатени и убиени". (Коран 33:61).

биле одозгора надолу, преку авторитарните владетели, во Соединетите Американски Држави, секуларизацијата била процес во обратна насока, првенствено, благодарејќи на демократијата и овозможената слобода на говорот. Религијата играла клучна улога во создавањето на првата модерна секуларна република. По револуцијата, пак, во уставите што ги прогласиле новоосамостоените држави, Бог бил спомнат само површно. Во 1787 година, кога федералниот Устав бил скициран на Конвенцијата во Филаделфија, Бог воопшто не бил спомнат, а во Повелбата за правата (1789), Првиот амандман на Уставот формално ја одвоил религијата од државата. Оттогаш па наваму верата во Соединетите Американски Држави ќе биде приватна и доброволна. Ова било революционерен чекор поздравен како едно од големите постигнувања на ерата на разумот. Мислата зад него, всушност била инспирирана од толерантната филозофија на просветителството, но татковците - основачи, исто така, биле поттикнати и од практични причини. Тие знаеле дека федералниот Устав е од суштинско значење за зачувување на единството на државите, но, исто така, сфатиле и дека доколку федералната влада установила некоја од одделните деноминации и ја прогласела за официјална вера на Соединетите Американски Држави, Уставот не би бил прифатен.[33]

Во Соединетите Американски Држави до Втората светска војна само предмиленаристите сè уште себеси се нарекувале „фундаменталисти". Другите конзервативни христијани, како Били Греам претпочитале да се нарекуваат „евангелисти".[34] Евангелистите барале определен степен на соработка со другите христијани, а вистинските фундаменталисти пак, инсистирале на одвојување и сегрегација. Според нив, тие имале привилегирани информации, недостапни за секуларните или за либералните христијани, а една од тие информации била и атомската бомба, но атомскиот холокауст не можел да ги допре, според нивните сфаќања, бидејќи тие биле убедени дека ќе се вознесат на небото пред судниот ден. Протестантскиот фундаментализам потфрлува како религиско движење, бидејќи со своето буквално и „научно" читање на Писмото, како одговор на рационалистичкиот дух на модерниот свет, тој не ја негува кардиналната доблест на сочувството на кое учат евангелијата. Во 60-тите и 70-тите години на XX век, протестантските идеологии го дефинирале непријателот како „секуларен хуманизам". Тие ги вулгаризирале и генерализирале либералите како атеисти. Во Соединетите Американски Држави и ден-денес има поларизација и непријателство меѓу верниците и секуларистите, но религиозните фундаменталисти таму се повоздржани и попокорни на законот, во споредба со исламистичките фундаменталисти. Во Соединетите Американски Држави фундаменталистите не ги убивале своите

[33] Армстронг, К., „Битката за Бога", Евро Балкан Пресс, 2008, стр.131-132.

[34] Армстронг, К., „Битката за Бога", Евро Балкан Пресс, 2008, стр.338-339.

претседатели, не кревале револуции, ниту, пак, земале заложници.[35]

Фундаменталистите во Израел до ден-денешен прават плакати во антиционистичките квартови во Ерусалим со кои ги изедначуваат политичките водачи на Израел со Хитлер.[36] Тоа дава идеја за длабокиот страв што секуларизмот може да го поттикне во срцето на еден фундаменталист. Самата идеја на еврејските апостати да воспостават секуларна држава во Ерец, Израел повредила едно табу. Низ вековите изгубената земја се здобила со симболичка и митска вредност која се поврзувала со Бога и со Тората во еден вид свето тројство. Такви движења во Израел се организациите Агудат и нивната порадикална варијанта- Нетуреи карта. Побожноста на овие антиционисти била побожност на „принципиелната“ омраза, која , сепак, била испреплетена со привлечност спрема ционизмот, бидејќи токму тој успеал да создаде еврејска држава на еврејска почва. Кон ова движење припаѓаат Харедите кои и денес чувствуваат бес спрема секуларниот Израел, но, сепак, нивната реакција од тој бес се сведува на фрлање камења спрема возачите кои возат автомобили на неработниот ден - Шабат, но не и со убиства поради идеолошка омраза. Вистинскиот Евреин, според нив, мора да се одвои од овој свет и целосно да се посвети на текстовите од Тората.

## *Верската омраза*

Холбах во неговото славно дело „Разголено христијанство“, погоре споменато, ќе каже: „Така сите религии тврдат дека потекнуваат од небото. Сите му забрануваат на разумот да ги испитува нивните свети права; сите тврдат дека се вистински, исклучувајќи ја вистината на другите; сите се закануваат со божјиот гнев кон оние кои одбиваат да се покорат на нивниот авторитет“.

Проблемот со верската омраза е посебно изразен во абрахамските религии. За споредба, на Далечниот Исток, историјата не помни настани за верски мотивирани, големи конфликти помеѓу главните религии, како: хиндуизмот, џаинизмот, будизмот и шинтоизмот или, пак, учењата: конфучијанизмот и таоизмот. Дури и повеќе, почесто нивните храмови се под ист покрив.

Во некои религиски групи присутно е уверувањето за нивната елитност и ексклузивност. Во тие групи најчесто станува збор за уверување во нивната колективнаизбраност, за етичкиот перфекционизам, триумфализам, со што таа група е неспособна за толеранција и свое релативизирање и што може да поприми размери на фанатична милитантност и омраза. Без оглед на верските уверувања или уверувањата од поинаква содржина, колективниот фанатизам

[35] За издвојување се Пентекосталците и нивниот проповедник и телеевангелист Џими Свагарт кој имал особен говор на омраза спрема хомосексуалците.

[36] Армстронг, К., „Битката за Бога“, Евро Балкан Прес, 2008, стр.319.

социјален феномен. Во судирот со конкурентите се применува пропагандата со припишување негативности, злоба, цинично омаловажување, па и примена на сила.

Функционалистите во своето еднострано сфаќање на интегративната функција на религијата ја предвидуваат можноста религијата со нејзината слободна интерпретација да стане дезинтегративна или политички фактор-инструмент за општествена контрола врз луѓето.[37] Без длабоко образложување, еден од бројните примери кој го демантира нивниот став е дека за муслиманите, Евреите биле народот кој бил „избран" од Бога, но кој го разочарале Бога, бидејќи ги убивале неговите пророци. Според хадисите, имало и една жена Еврејка која сакала да го убие Мухамед, давајќи му подарок – овца со отров во неа.[38] Со примерот се навлегува во друга тема, но евидентно е дека антисемитизмот, како една од најстарите омрази не е својствен само за христијанството, туку и за исламот.

Според хронологијата на меѓународниот тероризам на Св. Ендрјус, во 1994 година, една третина од меѓународните терористички групи биле религиски, за да веќе во 1998 година повеќе од половината станат религиски, а во денешницата истите претставуваат повеќе од 80%. Во Соединетите Американски Држави, Националниот конзорциум за проучување на тероризмот и одговорите на тероризмот направил статистичко проучување, при што резултатите биле дека инцидентите на религиски мотивираниот тероризам во 1980 година биле речиси на рамниште од 0%. Во 1998 година овие инциденти заземале повеќе од половина од сите терористички инциденти.[39] Во 2013 година, религискиот мотивиран тероризам е доминантен, а околу 66% од сите терористички акции со човечки жртви биле авторство на исламистичките терористички организации.[40] Процентот, пак, на акции од таков вид, преземени од страна на фундаменталисти од другите религии, е занемарлив.

Омразата не мора да значи освета, ниту да биде проста рефлексија на танатосот, наспроти еросот. Таа може да е цела доктрина, а ако за своја основа ја има религијата, тогаш станува идеологија на стереотипи и предрасуди. Историјата, исто така, докажала дека верската омраза е најдеструктивната омраза. Од горенаведената статистика, се констатира дека токму религијата е најексплоатирана при сторување на најтешките кривични дела, во кои спаѓа тероризмот. Од сите религии, пак, во модерното време исламот ја зазема

[37] Sklendar, N., „Zbilja religija –Religija o sebi i o socio-kulturnom kontekstu", Hrvatsko filozofsko drustvo, 1991, str.141.

[38] Ел – Ајид, С.Х., „Правата на немуслиманите во земјите со исламски уставен поредок", Логос-А, Скопје, 2006, стр.84.

[39] Jefferis, L., J., „Religion and political violence – Sacred protest in the modern world", Routledge, New York, 2010, стр.11.

[40] http://www.state.gov/j/ct/rls/crt/2013/224831.htm

примарната улога за инспирација за таков вид на деструкција, поради што за истото мора да биде посветено посебно внимание од страна на теоретичарите во потрага по одговорот за ефикасно сузбивање на делата од верска омраза.



## *Заклучок*

Со цел да се прифати аксиомот дека религиската омраза постои и притоа да се постави хипотезата дека токму таа е предизвикувач на најдлабоките фрустрации и бестијално-деструктивни поведенија, потребно е навлегување во корените на проблемот. Гносеолошкиот пристап е неминовен при проучувањето на религиите како проблематика, а, пак, телеолошкиот пристап е стапица за проучувањето на истото, бидејќи се можни дистракции во заблуди, суеверија и апстракции и нивно толкување како факти.[41] Овој пристап е единствено полезен кога на проблематиката се пристапува од аспект на манифестациите и рефлексиите кои религиите ги имале низ историјата.

Фундаменталистите немале монопол на гневот. Нивните движења често се развивале во дијалектички однос со агресивниот секуларизам кој покажувал малку почит за религијата и нејзините приврзаници. Како што фундаменталистите мора да досегнат подлабоко сочувство при процената на своите неистомисленици, така секуларистите мора да бидат пољубезни, потолерантни и со поголема почит спрема човештвото. Воедно не смеат да ги игнорираат потребите на фундаменталистите од нивните општества. Во блиското минато, кампањата на секуларниот фундаментализам да се десакрализира општеството станала агресивна и искривена. Нејзе и недостигало сочувството за кое сите вери тврделе дека е суштинско за религиозниот живот и за секое доживување на божественото. Наместо тоа, таа проповедала идеологија на исклучување, на омраза, па дури и на насилство.

Митот, религијата и уметноста се самостојните облици на духот и креативниот однос спрема светот, исто како и науката и филозофијата. Тие имаат своја сопствена симболика и причина. Ниедна од нив одделно не може да е целината на духот, туку само негов посебен дел кој има нешто заедничко и со другите. Секуларните облици на религиозност не ги исклучуваат митско-магиските елементи. Напротив, во секуларните форми на религија во современото живеење токму митско-магиските елементи се изворот за обожавањето на парарелигиски начин на световните објекти, како класата, партијата, водачот, спортот, естрадата. Сепак, колку е повеќе рационална и хуманизирана државата, толку помалку се потребни митско-магиските елементи. Секуларноста на македонското општество е пропишана во Амандман VII од Уставот. Вероисповедта во демократската држава е строго лично право.

[41] Според Шопенхауер, религијата е метафизика во популарно издание. Извор: Sklendar, N., „Zbilja religija –Religija o sebi i o socio-kulturnom kontekstu", Hrvatsko filozofsko drustvo, 1991, str.44.

За профанизацијата на општеството од полза треба да биде и теоријата на Алберт Бандура[42], светски познатиот психолог и автор на социјалната когнитивна теорија, за социјалното учење кога индивидуите учат од медиумите кое поведение е дозволено, а кое казниво. За исправноста на теоријата посведочи скорешното влијание на медиумите за предизвикувањето на Арапската пролет. Значи, во борбата против насилството и омразата треба да се искористат сите медиумски средства, како би се објавил и публикувал случајот во демократската јавност и како по тоа би се повела дебата која ќе резултира со јавно оправдување на одговорот. Ова посебно се однесува на сексуалните деликти, мотивирани од религиска омраза, бидејќи кај овие дела е најголема „темната бројка" на криминалната стапка. При медиумското експонирање треба да се одбегне случајот да стане забава или атракција за консументите на веста.[43] Медиумскиот апарат треба да биде искористен и за ширење на пораката дека скромноста е доблест. Ова е политичка стратегија која би овозможила ненасилството и толеранцијата да бидат долготрајни. Во случајот на борбата со религиската омраза, секуларната цел и порака за скромност и хуманост не треба да се сфати како слабост, туку антитеза на ароганцијата на свештенството и квалитет на реалното гледање на своите лимити.[44]

Проблемите не треба да се зафрлаат под тепих. Потребни се срдечни пристапувања на државните образовни институции кон граѓаните и нивното запознавање со предностите на секуларизмот. Толеранцијата не може да е неиспровоцирана. Таа доаѓа од почитта, а почитта доаѓа од образованието. Без истото, толеранцијата би била само привид, тренд од куртоазија и култура на хипокризија, декларативност. Во образованието да не се прифати веронауката, креационизмот, како и нова редакција на поимањето на историјата и неутрализирање на култот кон старите империи,[45] кој култ уште во семејните домови предизвикува навивачка атмосфера и омраза. Освен образовните институции, неопходни се ангажмани и на останатите државни органи, а посебно коректививе во општеството: правосудството, новинарството и претседателот на државата.[46] Правосудството има клучна

[42] http://en.wikipedia.org/wiki/Albert_Bandura

[43] Значењето на јавноста и нејзината пројава како партиципиент во конфликтите особено беше потенцирано со Виетнамската војна и ТВ - репортажите за истата.

[44] Keane, J., „Violence and democracy", Cambridge University Press, 2004, стр.204-205.

[45] Самите, пак, историски империи, несомнено беа со колонистички или поробувачки идентитет и без демократски капацитет.

[46] За поздравување е обраќањето на Ѓорге Иванов,претседателот на нашата држава во Советот за безбедност на ООН од 25 и 26-ти септември 2014 година и неговиот предлог за создавање регионален центар за антитероризам, со потенцирање на проблемот со џихадистите од регионот. Претходно – 2003 година, беше создаден Форум на дијалогот на цивилизациите на трагично загинатиот македонски претседател Борис Трајковски, кој претходеше на Алијансата на цивилизациите на ООН од 2005 година, покрената по иницијатива на владите на Шпанија и Турција.

улога во санкционирањето на сторителите на кривичните дела, мотивирани од религиска омраза, а како деликт треба да се пропише и проповедањето на омраза и насилство во храмовите, па макар тие биле и буквални читања на светите писма. На овој начин, религиската омраза ќе се претвори во личен стремеж кон сопствено усовршување и џихадот во ичтихад.[47]

Дел од молитвата кон Бога на Волтер е и: „Кога би можеле сите луѓе да се присетат дека се браќа. Нека ја замразат тиранијата на душата како што се гнасат од кражбата која со сила го одзема плодот на работата и умешноста. Ако веќе неволјите на војната се неизбежни, да не се мразиме и растргнуваме во мирот“.[48]



[47] Во замрената традиција на исламот ова означуваше независно расудување.

[48] Voltaire, „Rasprava o toleranciji", Skolske novine, Zagreb, 1990, стр.123.